Врз основа на член 291 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Ректорската управа на220. седница одржана на 25.9.2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за давање одобрение за ангажирање на афирмирани стручњаци од практиката

**Член 1**

На Шумарскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, му се одобрува да ангажира афирмирани стручњаци од практиката за вршење високообразовна дејност, во учебната 2017/2018 година.

Одобрението се дава по предлог на Факултетот за лицата:

1. **д-р Лидија Трпеновска-Симоновиќ,** координатор во Агенција за планирање на просторот - Скопје, за предметот Вовед во пределно и просторно планирање, на студиската програма Екоинженеринг и екоменаџмент, со фонд на часови 3+2, во зимскиот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

2. **Дипл. биол. Менка Спировска,** управител за еколошки консалтинг, ДЕКОНС ЕМА ДОО Скопје, за предметот Влијание на активностите на животната средина, на студиската програма Екоинженеринг и екоменаџмент, со фонд на часови 3+2, во зимскиот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

3. **дипл. шум. инж. Ѓорѓи Самарџиев,** шумарски инженер во ДТПУ ФОЈА КО ДООЕЛ Скопје, за предметот Урбана дендрологија, на студиската програма Пејзажно дизајнирање, со фонд на часови 3+2, во летниот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

4. **д-р Билјана Стојановска-Димзоска,** асистент-истражувач при УКИМ - Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, за предметите: Микологија со лихенологија и Микробиологија, на студиските програми: Екоинженеринг и екоменаџмент, Шумарство и Пејзажно дизајнирање, со фонд на часови 2+1, во зимскиот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

5. **дипл. шум. инж. Томе Ѓорѓиевски,** раководител на работна единица во сектор за одгледувачки мерки во Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, за предметот Користење на други шумски производи, на студиската програма Шумарство, со фонд на часови 2+2, во зимскиот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

6. **д-р Евтим Брндевски,** вработен во ЈП „Македонски шуми“, подружница шумско стопанство „Малешево“-Берово, за предметот Шумски култури, за студиската програма Шумарство, со фонд на часови 3+3, во летниот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

7. **м-р Дејан Манџуковски**, вработен во ЈП „Македонски шуми“ во Скопје, за предметот Фитоценологија, за студиските програми: Шумарство, Пејзажно дизајнирање и Екоинженеринг и екоменаџмент, со фонд на часови 3+2, во зимскиот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

8. **м-р Марија Николова Станоевска,** вработена во ДПТУ Деми инженеринг ДООЕЛ- Скопје, раководител на сектор – Хортикултура, за предметот Подигнување и нега на зелени површини за студиската програма Пејзажно дизајнирање, со фонд на часови 4+2, во летниот семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии;

9. **д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ,** вработена во Агенција за планирање на просторот како раководител на Одделението за просторно планирање, за предметот Основи на урбанизам, на студиските програми Пејзажно дизајнирање и Екоинженеринг, со фонд на часови 2+2, во 4. семестар, на Шумарскиот факултет во Скопје, прв циклус студии.

**Член 2**

Лицата од член 1 од оваа Одлука имаат права, обврски и одговорности согласно со закон и со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и можат да престојуваат најмногу половина семестар.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 139 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 120/2016 і 127/2016), Ректорската управа, на 220. седница одржана на 25.9.2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за давање одобрение за ангажирање за изведување високообразовна дејност

**Член 1**

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, му се одобрува да ги ангажира лицата:

1. **проф. д-р Махмут Челик**, избрано во звање од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметите:
   - *Турска книжевност 1*, со фонд на часови 3+2;
   - *Работилници по слободни активности по турски јазик,* со фонд на часови 2+1;
   - *Креативна работилница за јазично изразување*, со фонд на часови 2+1;

2. **доц. д-р Лулзим Мемеди**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметот:
   - *Дидактика*, со фонд на часови 5+4

3. **проф. д-р Љуљзим Муртезани**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметите:
   - *Развојна психологија*, со фонд на часови 3+3;
   - *Педагошка психологија*, со фонд на часови 3+2;
   - *Психологија на личноста,* со фонд на часови 2+1.

4. **доц. д-р Алит Ибраими**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметот:
   - *Математика 2*, со фонд на часови 3+2;

5. **проф. д-р Решат Ќахили**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметите:
   - *Основи на филозофијата*, со фонд на часови 2+1;
   - *Етика,* со фонд на часови 2+1.

6. **проф. д-р Метин Далип**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметите:
   - *Основи на физичкото образование*, со фонд на часови 2+2+1;
   - *Основи на физичкото воспитание,* со фонд на часови 3+2 и
   - *Кинезитерапија,* со фонд на часови 2+1;

7. **проф. д-р Ељми Јусуфи**, избрано во звање од Државниот универзитет во Тетово, за вршење високообразовна дејност на Факултетот, во зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година, по предметот:
   - *Основи на природата 1*, со фонд на часови 3+2.